РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Сектор за логистика
Sektori për Logjistikë
Бр.-Nr. 18/3-246/12
13 APR 2023 20

Врз основа на член 52 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 112 Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/2019),Упатството за начинот за спроведување на постапките за ЈН во Министерство за Одбрана бр.01-607/1 од 12.09.2019 година, Решение за овластување за потпишување на акти од Министерот за одбрана бр. 02-2/124 од 21.09.2022 година, Државниот секретар во Министерство за одбрана донесе

# О Д Л У К А

## за избор на најповолна понуда

1. За најповолна понуда за јавна набавка на Уреди за уништување на хартија по Оглас за јавна набавка бр. 04438/2023 со поедноставена отворена постапка, неделлива набавка, согласно член 49 од Законот за јавните набавки, се избира понудата на:

- Друштво за производство, промет и инжинеринг на информативни системи „МП КОМПЈУТЕРИ" ДОО Скопје

2. Со избраниот понудувач во точка 1 од оваа Одлука, да се склучи договор за уредување на меѓусебните права и обврски на договорните страни по конечноста на оваа Одлука.

II.За оваа Одлука понудувачите да бидат известени.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за јавни набавки согласно од Одлуката за јавна набавка бр.18/3-246/3 од 13.03.2023 година спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на Уреди за уништување на хартија по Оглас за јавна набавка бр. 04438/2023.
Согласно огласот и тендерската документација за доделување на договор за јавна набавка одржано е јавно отворање на понудите со користење на електронски средства преку ЕСЈН на ден 31.03.2023 година во 09,30 часот на кое пристигнаа вкупно 7 (седум) понуди за што е составен Записник од отворањето на понудите бр.18/3-246/5 од 31.03.2023 година од комисијата за јавни набавки.

Понудата на Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги „ВИАТЕК" ДООЕЛ Скопје е неприфатлива од причина што техничката понуда на понуденото средство не ги исполнува барањата од техничката спецификација. Капацитетот на уништување хартија на понуденото средство е 4-5 листови одеднаш, а не минимум 6 како што е побарано во техничката спецификација.

Во евалуација на понудите комисијата за јавни набавки утврди дека понудите од понудувачите Друштво за производство, промет, посредување и услуги „КЛЕВЕР-МК" ДООЕЛ Скопје, Друштво за производство, промет и услуги „ОФИС ПЛУС" ДООЕЛ Скопје, Друштво за производство, промет и инжинеринг на информативни системи „МП КОМПЈУТЕРИ" ДОО Скопје, Друштво за производство, инжинеринг, консалтинг и услуги „ДОАЈЕН ДАТА СИСТЕМ" Мирослав ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија и услуги „РИКОМАК КОПИР - СЕРВИС" ДООЕЛ Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги „ГРАФОТЕКС" ДОО Скопје се уредни и прифатливи. Согласно извештајот од спроведена постапка прворангирана е понудата на Друштво за производство, промет и инжинеринг на информативни системи „МП КОМПЈУТЕРИ" ДОО Скопје, за која Комисијата за јавна набавка даде предлог за избор на најповолна понуда.

Врз основа на предлогот на комисијата изнесен во Извештајот од спроведената постапка бр. 18/3-246/10 од 05.04.2023 одлучено е како во диспозитивот на одлуката.

**Правна поука:** Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/2019) може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата или пропуштањата за превземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка (член 138 став 1 од законот). Правото на жалба можете да го остварите во согласност со член 142 и 143 од законот.

Изработил: Елвира Вукељ-Идриз
Контролирал:Сашо Јовановски
Согласен:пполк.Митре Тодоров
Одобрил: Петкана Шкрековска Богдановска

Slavjanka Petrovska
Digitally signed by Slavjanka Petrovska
Date: 2023.04.18 14:28:04 +02'00'

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
државен секретар
Владимир Анчев